Врз основа на член 39 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за норматив за стручните соработници во основно односно средно образование

### Член 1

Со овој правилник се утврдува нормативот за видот на образованието на стручните соработници кои остваруваат воспитно-образовна дејност во основно односно средно образование.

### Член 2

Стручен соработник педагог во основно и средно образование може да биде лице дипломиран педагог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

### Член 3

Стручен соработник психолог во основно и средно образование може да биде лице дипломиран психолог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

### Член 4

Стручен соработник дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор во основно и средно образование може да лице дипломиран дефектолог/ специјален едукатор и рехабилитатор со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

### Член 5

Стручен соработник социолог во основно и средно образование може да биде лице дипломиран социолог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на

високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 6**

Стручен соработник социјален работник во основно и средно образование може да биде лице дипломиран социјален работник со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 7**

Стручен соработник библиотекар во основно и средно образование може да биде лице:

- дипломиран библиотекар со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

- со соодветни студии на факултет со наставна насока со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации или

- со соодветно високо образование согласно нормативите во наставните програми, , со стекнати најмалку 240 кредити или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана установа од Министерството за образование и наука.

**Член 8**

Стручен соработник корепетитор-пијано соработник во основното музичко-балетско училиште во одделот за основно музичко образование-инструментален оддел (за инструментите: виолина, виола, виолончело, кларинет, флејта, обоа, труба, тромбон, хорна, саксофон, удирачки инструменти, контрабас, фагот и соло пеење) може да биде лице:

- со завршени студии по пијано со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, или VII1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Стручен соработник корепетитор-пијано соработник во основното, односно средното музичко-балетско училиште може да биде лице:

- со завршени студии по пијано со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, или VII1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
- со завршени студии по музичка уметност, музичка академија или висока музичка школа со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, или VII1 степен, односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за нормативот за стручните соработници во основното, основното музичко-балетско и средното образование **со** бр.18-10156/1 од 30.09.2020 година.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**
**Ministëri Arsimit dhe Shkencës,**
**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**

Бр. 18-14026/1
18-11-2022 **2022 година**